**С Л У Ж Б Е Н   Г Л А С Н И К**
**НА ОПШТИНА КРУШЕВО**

**10.08.2021 год.** **Бр.XII**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/2014; 7/19 и 7/20), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**З А К Л У Ч О К**
***за објавување на актите донесени на 74-та седница на Советот на Општина Крушево одржана на ден 09.08.2021 год.***

1.**СЕ ОБЈАВУВААТ** актите донесени на 74-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 09.08.2021 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.09-967/1 од 10.08.2021 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 94 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007; 16/2014, 7/19 и 7/20) и член 110 и 150 од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на 74-та седница, одржана на 09.08.2021 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ УСВОЈУВА** записникот од 72-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 19.07.2021 година.

Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општината Крушево, согласно член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002).

**Бр.08-927/3 од 09.08.2021 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 23 од Законот за угостителската дејност („Сл.весник на Р.М.” бр.62/04; 89/08; 115/10; 53/11; 141/12; 164/13; 187/13; 166/14; 199/14; 129/15; 192/15; 39/16; 53/16 и 71/16 и „Сл.весник на РСМ„ бр.31/20), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/07; 16/2014; 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 09.08.2021 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за продолжување на работното време на угостителските објекти**

**Член 1**

Со оваа Одлука се продолжува работното време, определено со Закон, на угостителските објекти на територијата на Општина Крушево.

**Член 2**

Работното време на угостителските објекти се продолжува за 2 (два) часа во рамките на манифестацијата „Крушево низ корија” во деновите 13,14 и 15.08.2021 година и за 8-ми Септември во деновите 8, 9 и 10.09.2021 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-927/5 од 09.08.2021 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10, член 64 став 3 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 3 став 2, член 18 став 1 и член 21 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Сл.весник на Р.М.” бр.78/15; 106/15; 153/15; 190/16; 21/18 и „Сл.весник на РСМ” бр.101/19, 275/19 и 122/2021) и член 21 став 1 точка 38 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/14; 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 09.08.2021 година, донесе:

**О Д Л У К А**

***за давање на времно користење на недвижна ствар***

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува да се даде на времено користење без надоместок недвижна ствар, деловен простор бр.7 во склоп на градскиот пазар на ул.”Илинденска” бб Крушево, сопственост на Општина Крушево, врз основа на Имотен лист бр.100183, на Организација на жени “Цвет” од Крушево.

**Член 2**

Просторијата се дава на времено користење за период од 2 (две) години.

**Член 3**

За времето за кое ќе се користи просторијата, организацијата од член 1 на оваа Одлука е должна да ги сноси сите трошоци за тековно одржување, вклучувајќи: потрошена електрична енергија, вода, телефон и.т.н.

Организацијата е должна да се грижи совесно и домаќински при користење на просторијата.

**Член 4**

Примопредавањето на просторијата ќе се изврши помеѓу претставници од Општина Крушево и организацијата, при што ќе се состави записник.

**Член 5**

По престанокот на времето за кое е дадена на користење, просторијата треба да се предадае на Општина Крушево во исправна состојба.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот објавување во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-927/6 од 09.08.2021 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 28 од Законот за средното образование (“Сл.весник на Р.М.” бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12; 24/13; 41/14; 116/14; 135/14; 10/15; 98/15; 145/15; 30/16; 127/16 и 64/18 и „Сл.весник на РСМ” бр.229/20), член 22 став 1 точка 8 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 18 став 1 точка 8 и член 21 став 1 точка 8 и 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007, 16/2014, 7/2019 и 7/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 09.08.2021 година, даде:

**С О Г Л А С Н О С Т**

***за формирање на паралелки со помал број на ученици за учебната 2021-2022 г. на СОУ “Наум Наумовски-Борче” Крушево***

1. СЕ ДАВА Согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици за учебната 2021-2022 година на СОУ „Наум Наумовски-Борче” Крушево, согласно барањето бр.35-761/3 од 02.07.2021 година и позитивното милење од Министерството за образование и наука бр.13-10095/2 од 19.07.2021 година.

- една паралелка со 11 ученици во гимназиско образование на македонски наставен јазик;
-една комбинирана паралелка со 5 ученици во стручно образование за образовните профили хотелско туристички техничар и угостителски техничар од угостителско туристичка струка на македонски наставен јазик со 4 годишно траење на образованието и
- една комбинирана паралелка со 9 ученици во стручно образование за образовните профили готвач, келнер и слаткар од угостителско туристичка струка на македонски наствен јазик со 3 годишно траење на образованието.

2. Согласноста влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-927/7 од 09.08.2021 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002) член 20б став 1 алинеја 3 и став 2 од истиот член од Законот за вработените во Јавниот сектор („Сл.весник на Р.М." бр.27/14; 199/14; 27/16; 35/18; 198/18 „Сл.весник на РСМ" бр.143/19 и 14/20) и член 21 став 1 точка 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007; 16/14;7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 09.08.2021 година, даде:

**С О Г Л А С Н О С Т**
**на измената на Годишниот План за вработување за 2021 година на**
**ООУ „Никола Карев" Крушево**

1. Советот на Општина Крушево дава Согласност на измената на Годишниот План за вработување за 2021 година на ООУ „Никола Карев" Крушево, бр.03-259/1 од 03.08.2021 година.

2. Оваа Согласност влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

3.Примерок од Согласноста да се достави до ООУ „Никола Карев" Крушево и Архива на Општина Крушево.

**Бр.08-927/8 од 09.08.2021 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002) член 20б став 1 алинеја 3 и став 2 од истиот член од Законот за вработените во Јавниот сектор („Сл.весник на Р.М." бр.27/14; 199/14; 27/16; 35/18; 198/18 „Сл.весник на РСМ" бр.143/19 и 14/20) и член 21 став 1 точка 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007; 16/14;7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 09.08.2021 година, даде:

**С О Г Л А С Н О С Т**
**на Годишниот План за вработување за 2022 година на**
**ООУ „Никола Карев" Крушево**

1. Советот на Општина Крушево дава Согласност на Годишниот План за вработување за 2022 година на ООУ „Никола Карев" Крушево, бр.03-196/1 од 14.06.2021 година.

2. Оваа Согласност влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

3.Примерок од Согласноста да се достави до ООУ „Никола Карев" Крушево и Архива на Општина Крушево.

**Бр.08-927/9 од 09.08.2021 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 25 од Законот за полиција ("Сл.весник на Р.М." бр.114/06, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18 и 64/18), член 36 став 1 точка 13 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 21 став 1 точка 41, од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007; 16/14; 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 09.08.2021 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
***за извештајот за работата на Полициската станица од општа надлежност Крушево за периодот од прво полугодие од 2021 година***

1. **СЕ ПРИФАЌА** Извештајот за работата на Полициската станица од општа надлежност-Крушево за периодот од прво полугодие од 2021 година, СД. БР.22.22.9.1-657/1 од 14.07.2021 година.

2. Зклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-927/10 од 09.08.2021 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 32 став 2 од Законот за финансирање на Единиците на локална самоуправа (“Сл.весник на РМ.” бр.61/2004; 96/2004; 67/07; 156/09; 47/11; 192/15 и 209/18) и член 21 став 1 точка 4 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007, 16/2014, 7/2019 и 7/2020), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 09.08.2021 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

***за усвојување на квартланиот Извештај за извршување на Буџетот на Општина Крушево за периодот од 01.01.2021 год. до 30.06.2021 год.***

1. **СЕ УСВОЈУВА** квартланиот Извештај за извршување на Буџетот на Општина Крушево за периодот од 01.01.2021 год. до 30.06.2021 год.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-927/11 од 09.08.2021 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

С О Д Р Ж И Н А

Ре. бр. стр.
1. Заклучок за објавување на актите донесени на 74-та седница на Советот на Општина Крушево …………………………………….. 1
2. Заклучок за усвојување на записникот од 72-та седница на Советот на Општина Крушево …………………………………… 1
3. Odluka за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Крушево за 2021 година ………………………………. 1
4. Odluka за продолжување на работното време на угостителските објекти ……… 1
5. Odluka за давање на времено користење на недвижна ствар …………………………….. 2
6. Согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици за учебната 2021-2022 година на СОУ “Наум Наумовски-Борче” Крушево ………………………………….. 2
7. Согласност за измена на Годишниот план за вработување за 2021 година на ООУ “Никола Карев” Крушево ………………… 3
8. Согласност на Годишниот план за вработување за 2022 година на ООУ “Никола Карев” Крушево …………………………… 3
9. Заклучок за извештајот за работата на Полициската станица од општа надлежност Крушево за периодот од прво полугодие од 2021 година ……………………………….. 3
10. Заклучок за усвојување на кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Крушево за периодот од 01.01.2021 година до 30.06.2021 година ………………… 4

Редакциски одбор на Општина Крушево.